Број 110 Ноември 2021

# S-WORK



# Сексуалните работници–мигранти во време на КОВИД-19

Меѓународната мрежа за промоција на правата на сексуалните работници-мигранти (ТАМПЕП) спроведе истражување за состојбата на женските, машките и трансродовите сексуални работници-мигранти и нивниот пристап до основните здравствени услуги од почетокот на пандемијата.

Истражувањето беше спроведено во март 2021 година од страна на 14 организации, членки на Мрежата во 10 европски земји - Австрија, Белгија, Финска, Германија, Италија, Холандија, Норвешка, Шкотска (Обединетото Кралство), Шпанија и Швајцарија.

Целта на ова истражување беше да се потенцираат негативните последици од пандемијата со „Ковид-19“ и како тие влијаат врз ранливите групи во општеството.

Сексуалните работници-мигранти во Европа се сведоци на зголемено ниво на сиромаштија и исклученост, не само од социјален аспект, туку и од услуги и поддршка, достапни за другите групи во општеството.

Голем број организации кои работат на промоција и заштита на правата на сексуалните работници во Европа, сѐуште известуваат за лошата ситуација во која се наоѓаат сексуалните работници поради рестриктивните мерки против „Ковид-19“, како и нивно исклучување од националните и европските политики и програми за помош и поддршка кои им се достапни на останатите во општеството.

Ширењето на вирусот имаше големо влијание врз социо-економскиот систем, што пак доведува до социјална исклученост на сексуалните работници и негативно влијание врз сексуалната работа. Сексуалните работници-мигранти се доведени во критични ситуации, како што се сиромаштијата и кршењето на човековите права, а тоа ги прави уште поранливи.

Сведоци сме на се поголем број сексуални работници–мигранти кои живеат и работат во услови на екстремна сиромаштија како резултат на губењето на приходите од сексуалната работа. За сексуалните работници и нивните семејства, губењето на приходите влијае негативно врз нивниот живот. Сексуалните работници-мигранти и нивните

# migrant sex workers call for rights

семејства, кои не користат социјалната помош, се изложени на висок ризик од експлоатација.

Политиките и мерките донесени за време на пандемијата ги ограничуваат капацитетите на владите да спроведуваат социјална заштита и инклузивни политики кои одговараат на потребите на најранливите и во исто време да бидат ефективни против Ковид-19.

**Недостаток на поддршка за сексуалните работници - мигранти**

За време на пандемијата со „Ковид-19“, организациите предводени од сексуални работници и организациите кои работат на заштита на правата на сексуалните работници се соочуваат со недостаток на информации за потребите на сексуалните работници-мигранти, како и со давање ограничени услуги за оваа маргинализирана заедница. Како резултат на ова, се јавува потреба од зајакнување на иницијативите насочени кон обезбедување на нивните основни потреби, нудење на потребните здравствени и социјални услуги, како и залагање за заштита на правата на сексуалните работници.

**Пандемијата ги истакна социјалните нееднаквости**

За време на пандемијата, поради фактот што на сексуалните работници–мигранти им беше отежнато движењето, доведе до зголемување на социјалните нееднаквости, загрозувајќи го секојдневниот живот на сексуалните работници поради неможноста да заработат за своите основни потреби, за храна, како и да ги платат месечните режиски трошоци.

**Исклучување од социјални и здравствени услуги**

Несигурните услови за живот и неизвесноста во однос на статусот за престој или работа, исто така доведоа до зголемена изложеност на сексуалните работници на Ковид-19, притоа загрозувајќи го нивното здравје. Во некои европски земји, донесените рестриктивни мерки против „Ковид-19“, предизвикаа ограниченост во пристапот до социјални и здравствени услуги за сексуалните работници-мигранти. Понатаму, стравот од идентификација кај сексуални работници кои немаат документи за престој и работа во државите во кои престојуваат/живеат, како и казнувањето за вршење сексуална работа на места кои се нелегални, го отежна пристапот до примарните здравствени услуги за сексуалните работници.

Сексуалните работници–мигранти се исклучени од сите форми на социјални придобивки и итни мерки воведени од државите за време на пандемијата со „Ковид-19“, поради тоа што оваа група граѓани се дискриминирани и криминализирани, и како сексуални работници и како мигранти, што пак предизвикува социјална исклученост, злоупотреба на нивните права и ги прави невидливи и есктремно ранливи во општеството



# ЗОШТО **БЕЛГИЈА** САКА ШТО ПОСКОРО ДА ЈА РЕГУЛИРА **СЕКСУАЛНАТА РАБОТА?!**

По децении збунувачки правила и лицемерна политика, Белгија конечно се одлучи да ја регулира сексуалната работа со отстранување на проституцијата од Кривичниот закон. Во Белгија, како и речиси насекаде низ светот, сексуалните работници се соочуваат со стигма, дискриминација и кривично гонење. Но, во последниве години, сексуалните работници стануваат се погласни во своите барања, особено кога станува збор за заштита на нивните основни човекови права.

Белгија се приклучува на се поголем број држави со регулирање на сексуалната работа преку нејзино декриминализирање. Во април 2021 година, Министерот за правда Винсент Ван Квикенборн ја поткрена оваа иницијативата за регулација на сексуалната работа со најава дека сака да ја декриминализира сексуалната работа, изјавувајќи дека оваа професија не треба да се укинува и дека сексуалните работници можат сами да одлучат како ќе ја работат својата работа.

Според сегашната законска регулатива, сексуалната работа е дозволена, но трети лица вклучени во сексуалната индустрија се потенцијални извршители на кривично дело. Законот има за цел да ги таргетира макроата, но влијае и на другите луѓе кои работат заедно со сексуалните работници, почнувајќи од книговодители, веб-дизајнери, возачи, сопственици на недвижности, па дури и банки. „Сите се мета како сторители на казниви дела", вели Ван Квикенборн. „Сега, сето тоа го отстрануваме од Законот. Секој кој е полнолетен може да работи како сексуален работник, се додека доброволно го прави тоа".

Ван Квикенборн се одлучил за декриминализација на сексуалната работа наместо легализација, што значи дека сексуалните работници не треба да исполнуваат строги законски услови за ефективно да се занимаваат со сексуалната работа, како што е случајот со Холандија, каде е воспоставена правна рамка за оние кои се вклучени во сексуалната индустрија, со низа барања и услови кои треба да ги исполнуваат сексуалните работници , што пак доведува до работење во тајност во лоши и небезбедни услови.

Со цел да се декриминализира сексуалната работа, Министерот за правда Ван Квикенборн соработува со Белгискиот синдикат на сексуални работници УТСОПИ и го следи примерот на Нов Зеланд, каде сексуалната работа се декриминализираше во раните 2000-ти години. Поточно, тоа значи отстранување на оние членови од Кривичниот законик на Белгија, со кои се казнуваат „сите лица кои соработуваат со проституцијата".

„Декриминализацијата е многу подобра од целосната легализација на сексуалната работа", вели директорот на УТСОПИ, Максим Мејс, бидејќи го прилаго-

дува системот на реалните потреби на сексуалните работници. „Треба да најдеме начин да им дозволиме на сексуалните работници да ги изберат своите практики за работа и своите клиенти“, вели тој.

Од УТСОПИ велат дека сексуалните работници треба да бидат слободни и да ја работат својата работа како што сакаат, но во исто време, важно е навистина да се внимава на макроата и трговијата со луѓе.

Сегашните закони за регулација на сексуалната работа вклучуваат одредби како „злоупотреба на проституција“, кои се користат за борба против макроата, но истовремено ова значи дека сепак може да се криминализираат и трети лица инволвирани во сексуалната индустрија. Казните вклучуваат затворски казни од една до пет години, како и парични казни од 500 до 25,000 евра. Со злоупотребата на законите, се врши притисок врз сексуалните работници, одредувајќи им го и бројот на клиенти, а притоа тие не можат слободно да ја работат својата работа.

**Нов Зеланд наспрема Нордискиот модел за регулација на сексуалната работа**

Ван Квикенборн прави споредба на моделот за регулација на сексуалната работа во Нов Зеланд со Нордискиот модел. Во Шведска, сѐуште сакаат целосно да ја отстранат сексуалната работа. „Тоа не е наш став, бидејќи не можеме да ја искорениме сексуалната работа“, вели тој.

Многу феминистички организации, како што е Европската мрежа на жени мигранти (ENoMW), тврдат дека Нордискиот модел што се користи во Шведска е вистинскиот начин да се стави крај на сексуалната работа: криминализирање на купувачите/корисниците на услугите и делумно декриминализирање на сексуалните работниците. Тие сметаат дека со овој модел ќе се намали трговијата и експлоатацијата на жените мигрантки.

Наспроти мислењето на повеќето феминистички организации, голем број сексуални работници и организации предводени од сексуални работници го отфрлаат Нордискиот модел бидејќи ги лишува од приходи. Сметаат дека и доколку се донесе овој модел, сепак сексуалната работа нема туку така да исчезне.

Сепак, Ван Квикенборн донел свесна одлука следејќи го моделот од Нов Зеланд, велејќи дека многу луѓе во сексуалната работа тоа го прават доброволно. „Зошто треба да ги криминализираме тие луѓе? Какви криминални дејства прават сексуалните работници? Мене сето ова ми изгледа особено лицемерно“, вели тој.

Сексуалните работници во Белгија, пак, се надеваат дека законот треба да се донесе што е можно поскоро, бидејќи има многу сексуални работници кои ги чекаат своите права, особено после штетата која е направена од досегашните закони, како и од кризата со коронавирусот во изминатата година која влијае негативно врз сексуалната работа





# 8 ТАЈНИ КОИ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ САКААТ ДА ГИ ЗНАЕТЕ ЗА НИВ И ЗА НИВНАТА РАБОТА

Сексуалната работа е стигматизирана и дискриминирана во денешното општество. Бидејќи сексот сѐуште претставуваа табу тема, постојат голем број заблуди поврзани со сексуалната работа и сексуалните работници.

Со цел да се отфрлат заблудите за сексуалната работа и сексуалните работници, неколку сегашни и бивши сексуални работници јавно споделуваат искуства и мислења во врска со својата професија, а кои се погрешно сфатени од општеството.

**1. „Луѓето мислат дека цело време сакаме да имаме секс“.**

„И ние сме луѓе и не секогаш сме расположени за секс, без разлика на тоа што сексот се подразбира во нашата работа. Понекогаш само сакам да уживам лежејќи во кревет и да гледам добар филм, затоа Ве молам не претпоставувајте дека постојано сакам да имам секс, бидејќи јас сум сексуален работник и тоа е моја професија“.

**2. „Синоќа имав клиент кој пред да си замине ми рече: Да се биде стриптизета е лесно. Не, не е. Тешко е и напорно“.**

„Откако добив отказ од работа поради пандемијата, почнав да работам како стриптизета. Навистина е тешко да се најде работа, особено во време на криза и среќна сум што успеав да најдам начин повторно да заработувам. Меѓутоа, да се биде стрипитизета воопшто не е лесно, особено ако сте во постојан контакт со пијани клиенти. Многу често во клубовите доаѓаат ужасни клиенти кои не оставаат бакшиш, мислејќи дека заработуваме доволно“.

**3. „Сексуалната работа не е нешто во што се вклучуваат само луѓе кои биле претходно злоупотребувани или на друг начин малтретирани. Јас сум сексуален работник, имам партнер кој ми ја дава потребната поддршка (иако му требаше одредено време да ја прифати мојата професија) и воопшто не ја криев мојата работа од моите пријатели“.**

„Работам како сексуална работничка веќе пет години. Заработив повеќе пари за една година отколку што би заработила со „нормална“ работа за пет години. Не користам дрога, никогаш не практикувам незаштитен секс и генерално клиентите ме третираат добро“.

**4. „Работам како сексуална работничка, вклучена сум во најголемата организација која нуди здравствени услуги на сексуални работници во мојата земја и сум среќно омажена“.**

„Неодамна се омажив и имам одличен живот. Би сакала луѓето да разберат дека сексуалните работници не треба да се сожалуваат. Многу жени започнуваат да работат како сексуални работнички, бидејќи тоа навистина го сакаат. Дали можев да се вработам на друго место? Да. Меѓутоа, ова е мојот избор и горда сум на тоа“.

**5. „Секогаш им велам на луѓето: За секоја работа има добри и лоши страни“.**

„Јас секогаш им велам на луѓето: Секоја работа има добри и лоши страни. Затоа избери мудро. Оваа професија има низа негативности на кои треба да се работи, меѓутоа верувам дека еден ден на сексуалната работа ќе се гледа како и на секоја друга работа“.

**6. „Ние НЕ сме производи и само затоа што не плаќате не значи дека немаме граници“.**

„Постои заблуда дека не заслужуваме основна човечка почит и дека секој може да прави што сака со нас. Ние НЕ сме производи и само затоа што плаќате за нашите услуги, не значи дека немаме граници“.

**7. „Јас не уживам да имам секс со непознати, но мислам дека тоа не е полошо од, да речеме, работа во супермаркет“.**

„Она што не го разбирам е општото мислење дека сексуалните работници се принудени да ја работат оваа работа. Сепак, како и секоја друга професија, има работи кои сакаш и работи кои мразиш да ги правиш во својата професија. Мене лично, не ми се допаѓа тоа што морам да спијам со непознати, меѓутоа ми се допаѓа тоа што заработувам многу повеќе од било која друга професија за малку време. Тоа е нешто што ме мотивира да продолжам понатаму“.

**8. „Постои една работа која ме нервира кај машките клиенти, а тоа е дека доколку се сметаат за згодни и убави, мислат дека ќе добијат гратис услуга».**

„Како прво, многу од моите клиенти се млади и привлечни. Дури и ако се стари или непривлечни или со прекумерна тежина, сепак мене ми е важно да се чисти и љубезни. Изгледот не е важен во оваа професија, се додека плаќаат за услугите кои им ги давам“





# „ЈА НАПУШТИВ МОЈАТА РАБОТА ВО БАНКА ЗА ДА БИДАМ **СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА**"

Еден конзервативен политичар неодамна го има изјавено следново: „Никој не може доброволно да стане сексуален работник". Арнолд Вирсен ја дал оваа изјава за време на седницата на Парламентот во Канада, на која се расправало за декриминализација на сексуалната работа, додавајќи: „Мислам дека ниту една жена во оваа земја никогаш не би го избрала ова како работа. Ова е нешто во кое се тргува". Меѓутоа, тоа не е точно.

Навистина постојат жртви на трговија со луѓе. Прашањето е исклучително сериозно, кое заслужува време, внимание и средства потребни за да се искорени овој проблем. Меѓутоа, сметам дека она што Вирсен го има изјавено е резултат на неинформираност и конзервативност, и го има наведено на заклучок дека консензуалната сексуална работа се поврзува со трговијата со луѓе.

Пред скоро четири години, по 6 години работа во банка, свесно ја напуштив работата и зад себе оставив удобна кариера за да бидам сексуална работничка. Сакав да работам со финансии, имав среќа да работам за фирми кои ја ценеа мојата услуга, имав супер односи со моите клиенти, меѓутоа сепак нешто фалеше во целата таа приказна. Додека копнеев за финансиска стабилност и сигурност, копнеев и за простор за личен раст, креативност, изразување и грижа за себе. Но, како напредував во кариерата, така се помалку време остануваше за личните задоволства. Сакав да патувам, да земам часови по шпански, да си го подобрам здравјето и кондицијата, а едвај наоѓав време да си ја исперам облеката.

Често се наоѓав во ситуации да преземам повеќе обврски на работа отколку што имав време и можност да ги сработам, а од друга страна мечтаев за слободни денови и патувања. Бидејќи останував до доцна во ноќта да работам на проекти, случајно наидов на веб-страници кои нудат услуги за ескорт придружби, што ми делуваше доста интересно и смело. Навистина, немав поим дека такво нешто постои во Торонто.

Решив да се обидам да договорам состанок преку една од веб-страниците за ескорт придружби, и веќе по 4 недели откако навлегов во сексуалната индустрија, си дадов отказ од работа. Брзо се вљубив во мојата новооткриена професија и не можев да замислам да поминам уште еден ден под флуоросцентно осветлување во канцеларијата. Почнав со редовни онлајн сосотаноци со клиенти, со кои договарав за времетраењето и цената на услугите, и сето тоа ми беше навистина интересно.

Открив дека моделот за градење односи со клиентите додека работев во финансии, претставува јадро за сексуалната работа, но на многу подлабоко ниво.




Сексуалните работници се емотивни и вредни камелеони. Наша работа е да им помогнеме на нервозни, ранливи или поединци кои живеат под стрес и да им овозможиме да се чувствуваат опуштено и удобно барем за момент. Нудиме пријателство, поддршка и љубов во општество кое е преработено, изгорено и има потреба од нежност.

Сексуалните работници се вистински претприемачи. Толку многу вештини научив со мојата претходна работа со финансии, кои сега ги користам за напредок во мојата нова работа. И што е најважно, научив како вистински да се поврзам со друга личност на емотивно, духовно и физичко ниво. Тоа ме направи подобар партнер и пријател, и секако ми овозможи флексибилност и слобода да имам повеќе време за себе.

Се разбира, секоја работа си има свои негативни страни и не би било фер, а да не ги споменам. Сексуалната работа е прилично емотивна, нешто слично како работата на терапевтите, советниците, итн., и овој вид работа може понекогаш да биде ментално исцрпувачка. Сѐуште работам на изнаоѓање рамнотежа помеѓу обезбедување емотивна/физичка грижа за моите клиенти и полнење на моите батерии.

Мислам дека колективно, многумина од нас се согласуваат дека најлошата страна на сексуалната работа е стигмата. Општата јавност сѐуште има погрешно мислење за сексуалната работа, што принудува многу сексуални работници да работат во тајност. Многу сексуални работнички се борат со изолација, осаменост и живеат во страв да не бидат навредени или „откриени“ пред нашите семејства и пријатели, поради погрешните реакции околу нашата избрана професија.

За мене лично, сексуалната работа има повеќе позитивни страни отколку негативни. Пред скоро четири години избрав да работам како сексуална работничка и продолжувам да го работам тоа. Без разлика што може да ви каже еден конзервативен пратеник.

Сепак, нашите закони треба да ја достигнат реалноста со која се соочуваат сексуалните работници. Во Канада е нелегално да се купуваат сексуални услуги. Проблемот со нашиот сегашен модел е што клиентите се плашат да не бидат криминализирани и не даваат лични информации за идентификација, што пак ја загрозува безбедноста на сексуалните работници. Без информации за идентификација, некои сексуални работници несвесно прифаќаат резервации од проблематични и/или опасни клиенти. Неодамна, две сексуални работнички беа пронајдени мртви во Квебек во ист ден, меѓу кои и 22-годишната Мерилен Левеск, која наводно била убиена од осуден убиец пуштен на условна слобода.

Сексуалните работници се соочуваат и со низа други проблеми, како што се затворање на лични банкарски сметки, забрането домување и иселување, забранет влез и/или излез на меѓународните граници, забрането користење Интернет страници и апликации за состаноци и платформи за рекламирање.

Сметам дека сето ова што го споменав ќе може да се искорени со целосна декриминализација на сексуалната работа и ќе ја намали стигмата со која се соочуваме ние сексуалните работници.

Се надевам дека еден ден на сексуалните работници ќе им се даде почитта што ја заслужуваат

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.